**Известување за концентрација со која САВП Холдинг д.о.о. Београд, Србија ќе стекне единствена контрола над САГА МК ДООЕЛ Скопје, Република Северна Македонија**

**(предмет бр. 08- 144 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24), на ден 29.10.2024 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено Известување за концентрација кое се однесува на стекнување на единствена контрола од страна на САВП Холдинг д.о.о. Београд, друштво уредно основано и кое постои согласно законите на Србија со регистрирано седиште на Господара Јованова 73 Белград, Република Србија над САГА МК ДООЕЛ Скопје, друштво уредно основано и кое постои согласно законите на Северна Македонија, со седиште на ул. Васил Главинов, бр. 14-мезанин/2, Скопје - Центар, Северна Македонија преку директно стекнување на 100% од уделот во САГА МК ДООЕЛ Скопје.

**-САВП Холдинг д.о.о. Београд** е ново основана компанија, регистрирана на 03.08.2023 година како холдинг компанија. САВП моментално не врши никакви активности и нема остварено никаков приход.

**САВП Холдинг д.о.о. Београд** нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија.

**-САГА МК ДООЕЛ Скопје** е зависно друштво во 100% сопственост на САГА д.о.о. Белград, друштво уредно основано и кое постои согласно законите на Србија со регистрирано седиште на булевар Зорана Ѓинѓица 64а, Нови Београд, Република Србија.

Деловните активности на САГА МК се фокусирани на полето на проектирање, инсталирање и одржување на ИТ инфраструктура за потребите на други компании. Покрај тоа, САГА МК врши деловни активности поврзани со инсталација и одржување на хардвер, одржување на ИТ опрема, развој и продажба на софтверски решенија и сервисирање на производи од други компании. САГА МК е активна и во телекомуникацискиот сектор со услуги за инсталација на кабли.

САГА МК нема учество во ниту една друга компанија во Северна Македонија.

Подносителот на Известувањето и предлага на Комисијата за целите на оценување на концентрацијата, како релевантен пазар да се смета пазарот на информациски технологии (ИТ) пазарот како целина, со потенцијална сегментација на: i) пазар на продажба на ИТ опрема, ii) пазар за обезбедување на ИТ услуги и iii) пазар на продажба на софтвер.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

31.10.2024 година

Скопје